Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), решавајќи по барањето за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола бр. 17-5893/1 од 17.06.2019 година на Друштво со ограничена одговорност Раде Кончар – Контактори и релеи Скопје, со седиште на бул.3-та Македонска Бригада бр.54 Скопје, Градоначалникот на Град Скопје донесе

# РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-интегрирана еколошка дозвола за инсталацијата **Друштво со ограничена одговорност Раде Кончар – Контактори и релеи Скопје**, со седиште на бул.3-та Македонска Бригада бр.54 Скопје.
2. **Се задолжува Друштвото со ограничена одговорност Раде Кончар – Контактори и релеи Скопје** да постапува во согласност со условите и обврските дефинирани во оваа дозвола.
3. Б-интегрираната еколошка дозвола ќе се објави во дневен печат, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавањето, на сметка на барателот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштвото со ограничена одговорност Раде Кончар – Контактори и релеи Скопје (понатаму:барател), до Градоначаникот на Град Скопје поднесе барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола бр.17-5893/1 на ден 17.06.2019 година (понатаму: барање).

Барателот врши дејност: производство на нисконапонска електрична опрема како контактори, релеи, гребенасти прекинувачи, нискоконтактни прекинувачи, регистарски таблици и друго, вклучувајќи и површинска заштита на метали, со проектиран капацитет од вкупен волумен на процесните кади од 22 м$^3$, во чиј склоп е и одделението за површинска заштита на метали, која согласно член 122 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план („Службен весник на Република Македонија“ бр.89/05), задолжително подлежи на добивање Б-интегрирана еколошка дозвола.

По разгледување на поднесеното барање, надлежниот орган за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола согласно член 123 став (1) од Законот за животната средина (понатаму: надлежен орган) изготви пресметка и достави до барателот Налог за плаќање на надоместок при поднесување на барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола, со бр.17-5893/2 од 26.06.2019 година, а истиот го достави и до Секторот за финансиски прашања на Град Скопје. Износот на надоместокот беше пресметан согласно Уредбата за висината на надоместокот кој треба да го плаќаат

операторите на инсталациите кои вршат активности за Б-интегрирана еколошка дозвола ("Службен Весник на Република Македонија" бр.117/07, 64/10 и 186/16).

Барателот достави доказ за извршена уплата на надоместокот при поднесување на барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола со бр. 17-5893/3 на ден 03.07.2019 година.

По разгледување на поднесеното барање, надлежниот орган за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола согласно член 123 став (1) од Законот за животната средина (понатаму: надлежен орган) со заклучок бр.08-5893/4 од 10.07.2019 година побара дополнителни податоци од барателот.

Барателот достави одговор по заклучок бр. 17-5893/5 од 22.07.2019 година со кој го дополни барањето.

Надлежниот орган по разгледување на поднесеното барање и дополнувања утврди дека истото е изготвено согласно пропишаната форма и содржина во Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија" бр.112/14 и 42/16), а во врска со член 124 од Законот за животната средина.

На 30.07.2019 година, извршен е увид во инсталацијата од страна на овластено лице за вршење увид од Секторот за заштита на животна средина, при што е изготвен записник за констатација од извршениот увид бр. 17-5893/6 од 30.07.2019 година, со кој барателот се задолжи за дополнување на барањето согласно истиот.

Барателот достави дополнување на барањето бр. 17-5893/7 од 22.08.2019 година, а согласно бараното дополнување со записник од увид.

Целосното барање се објави во дневен печат и на веб страната на Град Скопје на 30.08.2019 година, а согласно член 122 став (4) и член 99 од Законот за животната средина.

Надлежниот орган на ден 05.09.2019 година, со допис бр.17-5893/8 го достави предметното барање до Општина Аеродром, а со цел доставување мислење и забелешки по однос на барањето.

По истекување на законскиот рок од објавата на целосно барањето во дневен печат и на веб страната на Град Скопје, а во кој не се добија мислења и забелешки, надлежниот орган на 04.11.2019 година изготви Нацрт дозвола со бр. 08-5893/9.

Надлежниот орган ја достави изготвената Нацрт дозвола до барателот, во печатена форма, на 07.11.2019 година. Надлежниот орган ја објави Нацрт дозволата на 07.11.2019 година во дневен печат, на сметка на барателот и на веб страната на Град Скопје, согласно член 122 став (4) и 107 став (13) од Законот за животната средина, а со цел консултирање на јавноста. Исто така испрати електронско известување до Општина Аеродром за достапност на Нацрт дозволата на веб страната на Град Скопје, со цел доставување забелешки доколку ги има.

Во законскиот рок од 14 дена од објавата за доставување мислења, беа доставени мислење и забелешки по нацрт дозволата од страна на барателот со бр. 17-5893/10 од 19.11.2019 година. Речиси сите забелешки беа прифатени и интегрирани во оваа дозвола, додека причина за неприфаќање на останатите беа нормираните правила во постојните подзаконски акти.

На ден 28.11.2019 година, извршен е увид на инсталацијата од страна на овластеното службено лице на надлежниот орган согласно член 9 од Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, при што е изготвен записник за извршен увид бр. 17-5893/11 од 28.11.2019 година со кој е констатирано дека се исполнети условите за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Надлежниот орган врз основа на целосното барање, по завршувањето на целокупната постапка и согласно надлежностите кои произлегуваат од член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животната средина, утврди дека барателот ги исполнува условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Б-интегрираната еколошка дозвола ќе се објави на веб страната на Град Скопје и во еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавањето, при што објавата во дневниот весник е на трошок на барателот, а согласно член 113 и член 122 став(4) од Законот за животната средина.

Врз основа на горенаведеното надлежниот орган одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Согласно член 126 став (2) од Законот за животната средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), против ова решение може да се поднесе жалба во писмена форма до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесување на решението.

Решено во Град Скопје, Градоначалник на Град Скопје, на 10. 12. 2019 година, под број 08-5893/13.

**Градоначалник на Град Скопје**

**Петре Шилегов**

Доставено до:

- Архива на Град Скопје
- Раде Кончар – Сервис и поправки на електрични производи Скопје
- Сектор инспекторат на Град Скопје
- Министерство за животна средина и просторно планирање